TIKVEŠ

SINCE 1885

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0302-706
23.04 2021 год.
КАВАДАРЦИ

ПОДНОСИТЕЛ
ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ

## ЗАБЕЛЕШКИ НА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ТЕКСТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

Согласно објавените предлог измени на Законот за работни односи сметаме дека предложениот текст на законот кој се однесува на генерално неработење во недела е во спротивност со духот на сега важечкиот Закон за работни односи, а поради следното:

- Согласно член 148 од Законот за работни односи *"**(1)** Работникот има право на отсуство од работа со надоместок на плата за празниците на Република Македонија, коишто се определени како слободни денови од работа и за другите со закон определени слободни денови. **(2)** Правото од ставот (1) на овој член на работникот може да му се ограничи, ако работниот, односно производниот процес се одвива непрекинато или природата на работата бара вршење на работата и на празничен ден. **(3)** Во случаите од ставот (2) на овој член работодавачот е должен за секое воведување на работа на државен празник претходно писмено да го извести подрачниот државен инспектор на трудот."*

Нејасно е како за недела како ден да се воведуваат предложените ограничувања за работење во тој ден, кога ни за државните празници нема такви ограничувања.

Согласно предложените измени се наметнува единствениот заклучок дека неделата треба да се смета како позначаен ден од државните празници.

Во недела на државен празник може да се работи согласно потребите на работниот процес.

Мислиме дека предложеното решение е нелогично.

- Доколку пак и покрај тоа се инсистира на измени во однос на работењето во недела сметаме дека има поголема логика РАБОТЕЊЕТО ВО НЕДЕЛА ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ КАКО РАБОТЕЊЕТО ВО ПРАЗНИК, што би ги задоволило и интересите на работникот и на работодавачите.

- Сметаме дека и од економска гледна точка и на работодавачите и на работниците предложениот текст за неработа во недела е неповолен, ова уште повеќе во времето на ковид кризата. Наивно е да се очекува дека платите на засегнатите работници со оваа мерка ќе останат исти ако се воведе оваа измена. Ќе губат и работодавачите и работниците.

- Дополнително како правен субјек кој произведува вино од грозје, со ваквите измени на Законот на работни односи постои можност да се појави застој во

процесот на производство во смисла на тоа дека краток е периодот за берба на горзјето и неопходно е истото да се спроведува во недела. Истовремено, во рамките на Винарска Визба Тиквеш АД Кавадарци, за непречено одвивање на работниот процес постои оддел Котлара и Дестиларница кој е неопходно да работи и во недела за да се оддржува целокупниот процес.

За полесно да се разбере причината зошто овие измени не се прифатливи накратко би ја објасниле спецификата за производство на вино. Производството на вино е комплексен и специфичен процес кој се одликува со континуитет во процесот на производство при што не се дозволени прекини во производствениот процес. Доколку дојде до прекин во континуитетот за време на производниот процес на вино, ќе дојде до нарушување на квалитетот на производот односно ќе се добие неусогласен производ кој не ги исполнува стандардите за квалитет на вино. Истото ќе мора да биде одстрането и уништено според пропишаните процедури за уништување на неусогласен производ при што производителот би претрпел голема материјална штета и финансика загуба. Од друга страна, секое рестартирање на производството е поврзано со загуби на вода и енергенси што покрај неекономично управување со природните ресурси значи и дополнително загадување на животната средина. Поради спецификата на процесите и потребниот квалитет што треба да се гарантира за производите, прекинот на работа во недела би значело дополнително изгубено продуктивно време (уште една до две смени во понеделник) за да се рестартира производството.

Во законскиот текст на предлог Законот за работните односи,предлагачот предложил:

*Во член 134 ставот (2) се менува и гласи:*

*„(2) Недела е ден на неделен одмор.“*

*По ставот (2) се додаваат четири нови ставови (3), (4), (5) и (6) кои гласат:*

*„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за работниците кај работодавачите во дејностите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко - технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата и тоа:*

- *Одгледување на животни,*
- *Мешовито фармерство,*
- *Печатење и издавање на весници,*
- *Производство на леб, сатки во свежа состојба и бисквити,*
- *Производство на метали,*
- *Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници,*
- *Аптеки,*
- *Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација,*
- *Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината,*
- *Копнен, цевоводен, воден и воздухопловен транспорт,*
- *Складирање и помошни дејности во превозот,*
- *Објекти за сместување,*
- *Дејности за подготовка на оброци и служење на храна,*
- *Филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма,*
- *Емитување на програма,*
- *Телекомуникации,*
- *Информативни услужни дејности (хостирање, обработка на податоци, интернет портали и сл.),*
- *Прикажување на филмови,*
- *Фотографски дејности,*

- *Ветеринарни дејности,*
- *Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила,*
- *Дејности на приватна заштита и услуги на заштита со помош на сигурносни системи,*
- *Дејности на повикувачки центри,*
- *Општи дејности на јавната управа, само за итни и недоложни работи поврзани со одржување на седници, а кои работи се од витално значење за државниот и јавниот интерес,*
- *Работи на одбраната,*
- *Судски и правосудни дејности,*
- *Работи на јавниот ред и безбедноста,*
- *Дејности на пожарникарската служба,*
- *Дејности за здравствена заштита,*
- *Дејности на социјалната заштита со сместување,*
- *Креативни, уметнички и забавни дејности,*
- *Дејности на музеите,*
- *Дејности на зоолошки градини и природни резервати,*
- *Спортски, забавни и рекреативни дејности,*
- *Погребни и слични дејности,*
- *Царинска служба на гранични премини,*
- *Трговски објекти со продажен простор до 200 метри квадратни на бензиски пумпи, гранични премини, аеродроми, железнички и автобуски станици и болници -*
- *Дејности кои имаат карактер на помошни или придружни дејости со цел непречено функционирање на дејностите од овој став и*
- *Работни места од други дејности кои не се опфатени со овој став, а кои имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.*

Предлагаме покрај наведените дејности во ставот 3 од горенаведениот член да се додадат и следните дејности:

- Дејности на производство на вино од грозје
- Дејности од областа на лозарството
- Дејност одгледување на грозје
- Дејности од продажба на вино
- Дејност производство на пијалаци
- Дејност од производство
- Дејност друго образование и друго образование неспоменато на друго место

Ваквиот предлог се темели на фактот дека и во овие дејности потребно е, за извршување на основната дејност на работодавачот, неделата да се смета како работен ден, од причина што повторно би напомenале дека производствениот и работниот процес во споменатите дејности неопходно е да се одвива непрекинато, што во спротивно би настанале штети кои воопшто не се општествено и економски исплатливи.

Со почит,
ВВ Тиквеш АД Кавадарци
Генерален директор
Радош Вуќиќевиќ

Акционерско друштво за производство и промет на 1 ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци